# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

28.02.2025 година
бр.2 година 60
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk


# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за формирање на Верификациона комисија

Се објавува Одлука за формирање на Верификациона комисија, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/1 Градоначалник
28.02.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 13, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Ресен, Советот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен “ бр.04/2005) на седницата одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за формирање на Верификациона комисија

1. Се формира Верификациона комисија на Советот на Општина Ресен, во состав:

- Васко Лозановски- Претседател

- Албен Бекири - член

- Атанас Табаковски - член

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен’’.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-598/3 Претседател
28.02.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ресен

Се објавува Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/2 — Градоначалник
28.02.2025 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 13, став 1 од Деловникот на Советот на Општина Ресен, ("Службен гласник на Општина Ресен" бр. 4/2005) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за верификација на мандатот на членот на Советот на Општина Ресен

Член 1
Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Ресен:

- Даниела Балаловска Шушевска

Член 2

Мандатот на новоизбраниот член трае до истекот на мандатот на постојниот состав на Совет на Општина Ресен.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Ресен".

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-598/4 — Претседател
28.02.2025 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за именување на член на Комисијата за статут и прописи

Се објавува Решение за именување на член на Комисијата за статут и прописи, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/3 Градоначалник
28.02.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на Член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата на Советот на Општина Ресен одржана на 28.02.2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на член на Комисијата за статут и прописи

1. За член на Комисијата за статут и прописи, се именува лицето:

   - Даниела Балаловска Шушевска

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен’’.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-598/5 Претседател
28.02.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за именување на член на Комисијата за јавни дејности

Се објавува Решение за именување на член на Комисијата за јавни дејности, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/4 Градоначалник
28.02.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на Член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата на Советот на Општина Ресен одржана на 28.02.2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Комисијата за јавни дејности

1. За член на Комисијата за јавни дејности, се именува лицето:
   - Даниела Балаловска Шушевска

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен’’.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-598/6 Претседател
28.02.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за именување на член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите

Се објавува Решение за именување на член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/5 Градоначалник
28.02.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на Член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата на Советот на Општина Ресен одржана на 28.02.2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите

1. За член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, се именува лицето:

- Даниела Балаловска Шушевска

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен’’.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-598/7 Претседател
28.02.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/6 Градоначалник
28.02.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02 и 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и 244/19, 150/21, 173/22 и 170/2024), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и 3/2025 ), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) Одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи на основани од Собранието на РСМ(Службен весник на РСМ бр. 51/20) и одредбите од Колективниот договор на Општина Ресен ( Бр. 09-1166/1 од 04.06.2021 год., Анексот на договорот бр. 09-2851/1 од 24.11.2022 год. и Анекс на колективниот договор на Општина Ресен бр. 09-374/1 од 30.01.2025 година ) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен” бр. 07/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.02.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, бр. 08-2487/6 од 25.12.2024 година

Член 2

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, бр. 08-2487/6 од 25.12.2024 година

Во член 6, став 4, се брише зборот „наемнини“

член 9, став 1, алинеја 1 се брише зборот „нето“, а во алинеја 2 коефициентот „2,9“ се заменува со „2,23“

член 10, после зборовите „бруто платите“ се додаваат зборовите „ и надоместоците“, а после делот „ Анекс на колективниот договор за вработените на Општина Ресен бр.09-2851/1 од 24.11.2022 година“, се додава реченицата „Анекс на колективниот договор за вработените во Општина Ресен бр.09-374/1 од 30.01.2025 година“

член 12, став 1 после зборот„месечен“ се додава зборот„нето“

член 14, во став 2 после делот „60% од просечната нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата“ се додаваат зборовите „ согласно Анексот на колективен договор за вработените во Општина Ресен бр.09-374/1 од 30.01.2025 година„

член 15, програмата „Д0-Градоначалник“ се заменува со „Е0-Општинска администрација“

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-598/8 — Претседател
28.02.2025 — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

Се објавува Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/7 Градоначалник
28.02.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ”, бр. 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 14 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/2010,13/2013,8/2015, 11/2015 и 10/2021 ) Советот на Општината Ресен , на седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе:

О Д Л У К А

за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

Член 1

СЕ ПРИФАЌА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка утврден од Советот на Општина Новаци со Одлука број 14-808/11 од 26.11.2024 година, поднесен од страна на Градоначалникот на Општина Новаци со Предлог број 08-758/2 од 01.11.2024 година, за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад,

помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола , Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општината Ресен “

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-598/9  
28.02.2025 год.  
Р е с е н

Претседател  
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

## 8.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

Се објавува Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/8  
28.02.2025 година  
Р е с е н

Градоначалник  
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ”, бр. 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 14 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/2010,13/2013,8/2015, 11/2015 и 10/2021 ) Советот на Општината Ресен, на седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ

за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог договорот за остварување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола , Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, од Општина Ресен се именуваат:

- член: Ајман Ал Малла – Раководител на Секторт за животна средина.

- заменик член: Зухра Алиовска – Помошник Раководител на Сектор за правни и општи работи и јавни дејности.

2. Мандатот на членовите на Комисијата е до завршување на работите за кои е формирана комисијата.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-598/10
28.02.2025 год.
Р е с е н

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Ресен за 2025 година

Се објавува Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/9 Градоначалник
28.02.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ‘‘ бр. 05/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24), член 26 став (1) точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 111/23 и 208/24), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 28.02.2025 година, ја донесе следнава:

ОДЛУКА

За резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Ресен за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Ресен потврдува дека во Буџетот на општина Ресен за 2025 година предвидени се средства за експропријација во висина од 3.000.000,00 ден.

Дел од овие средства ќе се искористат за реализација на урбанистичко планска документација: ДУП: План за реализација на станбена Населба ,,КУМСАЛ 2‘‘- Ресен, Намена на градба: улица и тротоар, ул.,,Мирче Ацев‘‘, КП бр.4132 за КО Ресен, согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за експропријација КО Ресен, тех.бр.08-16/3-2 од 06.03.2024 год. изработен од ГЕО ЈИС ПЛУС ДООЕЛ БИТОЛА.

Член 2

Со средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се врши регулирање на имотно – правните односи со сопствениците на имотите од предметната постапка. Истата ќе послужи како доказ во постапка за експропријација, за реализација на предметниот опфат од член 1 на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Ресен‘‘.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08 – 598/11
Од 28.02.2025
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на ОПШТИНА Ресен

Се објавува Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Бр.09-669/10
28.02.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 57 ст. 4 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/02,202/24 ) и член 23 ст.1 т.30 од Статутот на Општина Ресен (Сл. Гласник на Општин Ресен бр. 7/2010, 13/2013,8/2015,11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 28.02.2025 година донесе

ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот
за внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на ОПШТИНА Ресен

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на ОПШТИНА РЕСЕН бр.08-2290/5 од 17.09.2015 година.

**Член 2**

Во дел II Вид и број на организациски единици во член 7 точка 1 ,,Сектор за правни и општи работи и јавни дејности називот на секторот се менува и гласи:

**1 ,,Сектор за правни работи и јавни дејности,, .**

**Член 3**

Во дел II Вид и број на организациски единици во член 7 подточка 1.1 ,,Одделение за правни и општи работи називот на одделението се менува и гласи :

**1.1,,Одделение за правни работи ,, .**

**Член 4**

Во дел II Вид и број на организациски единици во член 7 точка 5 ,,5.Одделение за управување со човечки ресурси,, се менува и гласи :

**,,5.Сектор за управување со човечки ресурси и општи работи ,,**

**Член 5**

Во дел II Вид и број на организациски единици во член 7 по точка 5 ,,5.Сектор за управување со човечки ресурси и општи работи ,,

се додава подточка која гласи:

**5.1 Одделение за управување со човечки ресурси**

**Член 6**

Во дел II Вид и број на организациски единици во член 7 по точка 5.1 Одделение за управување со човечки ресурси

се додава подточка која гласи:

**5.2 Одделение за општи работи**

**Член 7**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици во член 8 точка 1.Сектор за правни и општи работи и јавни дејности називот на секторот се менува и гласи :

,,**1.Сектор за правни работи и јавни дејности ,,**

**Член 8**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици по член 8 точка 1.Сектор за правни работи и јавни дејности се додава нов член 8а кој гласи:

,,Член 8а”

**Сектор за правни работи и јавни дејности**

- Подготвување на акти за Советот и Градоначалникот;
- Подготвување на седниците на советот и седниците на неговите комисии;
- вршење на стручни работи за советот и градоначалникот;
- ракување со документите на општината и чување се до нивно уништување, односно предавање на Државниот Архив на Р.Македонија;
- мислења на прописи од аспект на нивна законитост;
- грижа за извршување на одлуките од надлежност на советот;
- пратење на состојбите во областа на културата, спортот, социјалната заштита, образованието и здравството во рамките на надлежност на општината;
- примена на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки;
- следењето и согледувањето на потребите од набавки во општината;
- изготвување на годишен план за јавни набавки и негова реализација;
- стручна и техничка помош на Комисијата за јавни набавки, водење на евиденција и документација во врска со јавните набавки;
- информатичко технички работи;
- и други работи во согласност со законите и другите прописи.

**Член 9**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици во член 9 точка 1.1 Одделение за правни и општи работи називот на одделението се менува и гласи:

**,,1.1Одделение за правни работи ,,**

**Член 10**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици по член 9 точка

1.1 Одделение за правни работи се додава нов член 9а кое гласи ,,

,,Член 9а”

**Одделение за правни работи**

- вршење на работите што се однесуваат на подготвување на нормативните акти (одлуки и други општи акти) од надлежност на Советот односно Градоначалникот
- давање на мислење на прописи од аспект на нивната законитост кога предлагачи се други органи
- следење на прописите и нивните измени и дополнувања;
- вршење на стручни и организациони работи за функционирање на Советот и на неговите тела, односно Градоначалникот на Општината.
- давање на правна помош на граѓаните
- вршење на информативни и протоколарни работи за потребите на Советот и градоначалникот
- канцелариско работење кое го опфака приемот, отварањето , евиденцијата испраќањето на актите на органите на Општината
- архивско работење
- примена на законите, подзаконските акти и други прописи од обласа на јавните набавки;
- следењето и согледувањето на потребите од набавки во општината;
- изготвување на годишен план за јавни набавки и негова реализација;
- стручна и техничка помош на Комисијата за јавни набавки водење на евиденција и документација во врска со јавните набавки;
- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

**Член 11**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици во член 22 точка ,,5.Одделение за управување со човечки ресурси се менува и гласи:

**,,5.Сектор за управување со човечки ресурси и општи работи“**

**Член 12**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици по член 22 точка

5.Сектор за управување со човечки ресурси и општи работи се додава нов член 22а кој гласи**:**

„Член 22а”

**Сектор за управување со човечки ресурси и општи работи**

- правилна примена на законските и подзаконските акти од областа на човечките ресурси;
- управување со човечките ресурси и спроведување на надлежности во следните функционални области: развој на органот, информативен систем за човечки ресурси, односи меѓу вработените, обука и развој, мотивација, организациски развој, селекција, вработување, стручно усовршување и оценување на државните службеници, грижа за постојан развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници во органот;
- грижа за примената, утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на општината од областа на човечките ресурси вклучувајќи ги оние поврзани со правичната застапеност на заедниците;
- остварувње редовна комункација и соработка со другите одделенија за човечки ресурси од органите на управата со цел откривање на човечки потенцијали и дава предлог за вработување без јавен оглас од еден во друг орган;
- учествуво во спроведувањето на организацискиот развој на органот кој ги адресира прашањата на планирање, развој на вработените, задржување на вработените, управување со промените, обука на вработените;
- следење на развојот на организациската култура во органот;
- соработка и советување со другите раководители за прашања од областа на управувањето со човечките ресурси;
- изработувње на Предлог - Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација и Предлог-Правилникот за систематизација на работните места во органот ;
- подготвка на образците за оценување на административни службеници во општинската администрација;
- спроведување на анализа за потреба од обука на административни службеници;
- изработување на нацрт-Годишна програма за обука на административни службеници;

- следење на примената на Етичкиот кодекс на административни службеници и по потреба изработува извештаи;
- соработува со Министерство за информатичко општество и администрација и Агенцијата за администрација во однос на сите прашање поврзани со Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор (работни односи, обуки, оценување и др.);
- водење и ажурирање на електронската база на податоци за вработените и персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација, одржување на базата на податоци за административни службеници и доставување на известувања за настанатите промени во Регистарот на административни службеници;
- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.
- Канцелариски работи , Информирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права
- Подготвување на акти за активностите на Градоначалникот
- Работи за возниот парк и други помошно технички работи
- Работи за оддржување на спортски објекти и надзор на истите
- Вршење на стручни работи за Градоначалникот
- Работи за оддржување и хигиена на општинската зграда
- Работи и вршење на едношалтерски услуги и упатување на странки

**Член 13**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици по член 22а точка 5.Сектор за управање со човечки ресурси и општи работи се додава нова подточка која гласи:

**5.1 Одделение за управување на човечки ресурси**

**Член 14**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици по член 22а точка

5.1 Одделение за управување на човечки ресурси се додава нов член 22б кој гласи:

,,Член 22б”

**Одделение за управување на човечки ресурси**

- правилна примена на законските и подзаконските акти од областа на човечките ресурси;
- управување со човечките ресурси и спроведување на надлежности во следните функционални области: развој на органот, информативен систем за човечки ресурси, односи меѓу вработените, обука и развој, мотивација, организациски развој, селекција, вработување, стручно усовршување и оценување на државните службеници, грижа за постојан развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници во органот;
- грижа за примената, утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на општината од областа на човечките ресурси вклучувајќи ги оние поврзани со правичната застапеност на заедниците;
- остварувње редовна комункација и соработка со другите одделенија за човечки ресурси од органите на управата со цел откривање на човечки потенцијали и дава предлог за вработување без јавен оглас од еден во друг орган;
- учествуво во спроведувањето на организацискиот развој на органот кој ги адресира прашањата на планирање, развој на вработените, задржување на вработените, управување со промените, обука на вработените;
- следење на развојот на организациската култура во органот;
- соработка и советување со другите раководители за прашања од областа на управувањето со човечките ресурси;
- изработувње на Предлог - Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација и Предлог-Правилникот за систематизација на работните места во органот ;
- подготвка на образците за оценување на административни службеници во општинската администрација;
- спроведување на анализа за потреба од обука на административни службеници;
- изработување на нацрт-Годишна програма за обука на административни службеници;
- следење на примената на Етичкиот кодекс на административни службеници и по потреба изработува извештаи;
- соработува со Министерство за информатичко општество и администрација и Агенцијата за администрација во однос на сите прашање поврзани со Законот за

административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор (работни односи, обуки, оценување и др.);

- водење и ажурирање на електронската база на податоци за вработените и персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација, одржување на базата на податоци за административни службеници и доставување на известувања за настанатите промени во Регистарот на административни службеници;
- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

**Член 15**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици по член 22б точка 5.1 Одделение за управување на човечки ресурси се додава нова подточка кое гласи:

**,,5.2Одделение за општи работи ,,**

**Член 16**

Во дел III Делокруг на работата на организациските единици по членот 22б точка

,,5.2Одделение за општи работи ,, се додава нов член 22в која гласи:

,,Член 22в’’

**Одделение за општи работи**

-Изготвување и давање на мислење на прописи кои се однесуваат за активностите на Градоначалникот и нивна законитост

-следење на прописи и нивни измени

-вршење на информативни и протоколарни работи за потребите на Градоначалникот

-секретарски работи

-информирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права

-работи за возниот парк и други технички работи (оддржување на хигиена и достава на пошта )

-Работи за возниот парк и други помошно технички работи

-Работи за оддржување на спортски објекти и надзор на истите

-Вршење на стручни работи за Градоначалникот

-Работи за оддржување и хигиена на општинската зграда

-Работи и вршење на едношалтерски услуги и упатување на странки

-И други работи во согласност со законите и други прописи .

**Член 17**

Согласно извршените измени и дополнувања на интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања на графичкиот приказ (Органограм) на внатрешната организација на општината, кој е составен дел на овој Правилник.

**Член 18**

Овој Правилник стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на ОПШТИНА РЕСЕН“, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

08-598/12
28.02.2025 год
Ресен

Претседател на Совет
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р


ГРАДОНАЧАЛНИК
Одделение за внатрешна ревизија
Територијална противпожарна единица на Општината
Секретар
Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат
Сектор за правни работи и јавни дејности
Сектор за финансиски прашања
Сектор за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична
Сектор за животна средина
Сектор за управување со човрчки ресурси и општи работи
Одделение за правни работи
Одделение за јавни дејности
Одделение за буџетска
Одделение за буџетка контрола
Одделение за сметководство и плаќања
Одделение за администрирање на даноци, такси и
Одделение за урбанизам и комунални работи
Одделение за локален економски развој и прекугранична
Одделение за животна средина и управување со отпад
Одделение за управување со води и заштита на
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за општи работи

# СОДРЖИНА:

1.Одлука за формирање на Верификациона комисија.............................................................стр.1

2.Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ресен.............................................................................................................................стр.2

3.Решение за именување на член на Комисијата за статут и прописи………......................................................……………………………………………стр.3

4.Решение за именување на член на Комисијата за јавни дејности…....………..…………….........................................................................................…………….стр.4

5.Решение за именување на член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите..................................................................................................................................стр.5

6.Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година……………………..........................................................……………………………….……..стр.6

7.Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.......…………………...........................................................................……………………………стр.8

8.Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.............................................стр.10

9.Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Ресен за 2025 година...................................................................................................................................стр.11

10.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ресен.............................................................................................................................стр.13

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**